РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1320/7
29-11-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 78-та седница одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следнава

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1320/1 од 28.02.2022 година, со наводи за незаконитости во постапка за јавна набавка и повреда на право од заштитен европски патент, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-1320/1 од 28.02.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.02.2022 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за јавна набавка и повреда на право од заштитен европски патент и оформен е предмет број 12-1320/1 од 28.02.2022 година. Воедно, пријава со идентични наводи е доставена на надлежност на ДКСК од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во пријавата подносителот наведува дека во постапката за јавна набавка на акцизни марки за обележување на тутунски добра и течност за електронски цигари и за обележување на алкохолни пијалаци и меѓупроизводи спроведена од Царинската управа на Република Македонија со оглас бр.----------, направени се прекршувања во однос на исполнувањето на условите од техничката спецификација и повредено е правото од заштитен европски патент. Согласно наводите од пријавата, избраниот понудувач во постапката не ги исполнувал условите од техничката спецификација, односно не произведувал акцизни марки со пропишан квалитет, безбедност и автентичност. Воедно, избраниот кандидат вршел повреда на правото од заштитен патент ---------- кое му припаѓало на подносителот на пријавата кој исто така учествувал во предметната постапка. Од ДКСК се бара да се преземат мерки и активности со цел спречување на корупција и заштита на конкуренцијата во конкретниот случај.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Царинската управа на Република Северна Македонија и Државниот завод за индустриска сопственост.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од доставените одговори и документација во прилог од Царинската управа на Република Северна Македонија и Државниот завод за индустриска сопственост констатирано е следново:

Подносителот на пријавата се јавил како понудувач на предметниот оглас за јавна набавка и учествувал во електронската аукција. По спроведената аукција, најниска цена понудил друг понудувач – ----------, со кој бил склучен договор за набавка. Пред донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач, Бирото за јавни набавки по службена должност извршило управна контрола над спроведената постапка за јавна набавка и го потврдило правилното и законито спроведување на конкретната постапка за јавна набавка. По доставувањето на Одлуката за избор на најповолен понудувач, подносителот на пријавата не го искористил правото на жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалба била вложена од страна на трет понудувач - ----------. Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја ревидирала целокупно спроведената постапка за јавна набавка и донесената одлука за избор и констатирала дека жалбата е неоснована, односно ја потврдила одлуката за избор на ----------.

Во однос на наводите за повредено право на заштитен патент ----------, предметното право на патент со Решение бр.---------- од 02.02.2021 на Државниот завод за индустриска сопственост било признаено на подносителот на пријавата, но во постапката за јавна набавка односно во тендерската документација не бил баран таков уред, а и таков уред не бил користен од страна на избраниот понудувач во спроведувањето на договорот за јавна набавка.

Што се однесува до наводите дека избраниот понудувач не произведувал акцизни марки со пропишан квалитет, квалитетот на акцизните марки бил описно дефиниран со техничката спецификација и содржел заштитни елементи кои се видливи, елементи кои не се видливи окативно но се видливи со специјални уреди, како и елементи кои се детектираат само во форензички лаборатории. Заштитите кои биле содржани во холограмот биле тајни, дефинирани и познати само на посебна Комисија која ги утврдува заштитите на акцизните марки и како таков холограмот бил заштитен во Меѓународната комора на држатели на холограм.

Во својот допис, Царинската управа наведува дека постапката за јавна набавка се однесувала на исклучително сложен и сензибилен предмет на набавка - акцизни марки, кои се инструмент за прибирање на огромен дел од приходите од акцизи, поради што било посветено особено внимание, правени биле многубројни консултации и користени биле искуства од други земји, со цел да се дојде до концепт на акцизни марки кои се автентични, безбедни, современи, со заштитни елементи кои оневозможуваат фалсификување, а истовремено да можат да бидат иницијално верифицирани од царинските органи. Дополнително, се наведува дека од 2010 година кога наплатата на акцизи преминала во надлежност на Царинската управа, акцизните марки го имале речиси истиот концепт, со постојано усовршување на заштитите и прилагодување кон барањата на технолошкиот напредок, при што во досегашната пракса не биле пронајдени фалсификувани акцизни марки.

Во однос на следењето на квалитетот на реализација на договорот за набавка на акцизните марки, Царинската управа имала формирано Комисија за утврдување на детали за

конечен изглед и заштитни елементи на контролните марки за обележување на тутунски добра и алкохолни пијалаци, која согласно дадените задолженија била должна два пати годишно, а по потреба и почесто, да врши проверка на имплементација на предвидените заштити и за извршените проверки да доставува извештај до директорот на Царинската управа. Комисијата редовно ги извршувала дадените задолженија за проверка на имплементацијата на предвидените заштити и доставувала извештаи за извршените проверки, при што немала утврдено неправилности. Покрај редовните проверки, Комисија за утврдување на детали за конечен изглед и заштитни елементи на контролните марки за обележување на тутунски добра и алкохолни пијалаци, имала извршено и вонредна контрола во правното лице ----------, како и вонредна контрола на пазарот заради проверка на оригиналноста на акцизните марки со кои се обележани акцизните производи, при што не биле утврдени неправилности при изработката на акцизните марки во наведеното правно лице, а исто така било утврдено дека акцизните марки кои се залепени на акцизните производи кои се пуштени во продажба биле оригинални, издадени од Царинската управа.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека предметните наводи во случајот не се потврдени, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска